Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-288/5
Датум:
13 -06- 2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 288/1 од 04.03.2024 година, поднесена од , д Прилеп, со адреса на , за сторена дискриминација врз основа на образование и возраст во областа на работата и работните односи против ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп и

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 31.05.2024 година, го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на образование и возраст во областа на работата и работните односи од страна на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп и он , .

## О б р а з л о ж е н и е

На 04.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација врз основа на образование и возраст во областа на работата и работните односи од страна на подносителот , против ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп.

Подносителот на претставката е вработен на работно место доктор по стоматологија во Служба за стоматолошка здравствена заштита на деца до 14 годишна возраст, итна стоматолошка помош и рентген дијагностика за заби при ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп. Во претставката се наведува дека на 15.11.2023 година Стоматолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје распишал оглас за одобрување на специјализации и супсецијализации (државни) на здравствени работници вработени во јавни здравствени установи, каде меѓу другите и една специјализација од областа на максилофацијална хирургија за во Јавна здравствена установа - Општа болница со проширена надлежност Прилеп. Рокот за пријавување од страна на Јавната здравствена установа бил 30 дена од денот на објавувањето на огласот, до архивата на Факултетот или по пошта, односно до 15.12.2023 година. Подносителот наведува дека на 15.11.2023 година уредно ги доставил сите потребни документи кои биле наведени во огласот и тоа: доказ за завршена стоматолошки факултет, доказ за завршен приправнички стаж и положен стручен испит, доказ за лиценца за работа. Доставените документи биле архивирани во приемното одделение со број 04-1629/1 на ден 28.11.2023 година. Понатаму, подносителот појаснува дека иако уредно ги доставил сите потребни документи, навремено и во законски пропишаниот рок, од непознати причини, Управниот одбор

на ЈЗУ Општа болница со проширена дејноста Прилеп, на 42 - та редовна седница одржана на ден 20.12.2023 година донел Одлука за упатување на специјализација на здравствениот работник од Прилеп, вработен на работно место доктор по стоматологија во Служба за стоматолока здравствена заштита на деца до 14 годишна возраст, итна стоматолошка помош и рентген дијагностика за заби при ЈЗУ Општа болница со проширена дејноста Прилеп и тоа на специјализација по специјалноста максилофацијална хирургија. Подносителот наведува дека Одлуката станала веднаш конечна, бидејќи тој бил единствениот кандидат пријавен по огласот за таа специјалност, за која се барал само еден кандидат. Поради објективни причини, односно некомплетен состав на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп и нивна неможност да се состанат во предвидениот рок, дури на 20.12.2023 година била донесена Одлуката за упатување на специјализацијата на единствениот кандидат, односно подносителот на претставката. На тој начин ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп го пробила рокот за поднесување на барањето за одобрување на специјализацијата , кој бил до 15.12.2023 година. Во однос на вториот посочен дискриминатор, подносителот истакнува: *„Воедно сакам да истакнам и дека јас на неколку пати се обидував да го контактирам раководителот на правна служба при Јавна здравствена установа - Општа болница со проширена надлежност Прилеп, меѓутоа истиот не ми креваше на мобилен телефон, а на ден 20.12.2023 година ми се јави и ми рече сам да сум ги однел документите за распишаниот оглас до Стоматолошки факултет, бидејќи така побрзо ќе се завршела цела постапка, по што јас одбив да го сторам тоа и му укажав дека согласно распишаниот оглас, должност е на јавната здравствена установа да ги поднесе документите до архивата на Факултетот или по пошта до 15.12.2023 година."*

Дополнително, подносителот напоменува дека Јавната здравствена установа – Општа болница со проширена надлежност Прилеп се соочува со недостиг на кадар со специјалност по максилофацијална хирургија. На 29.01.2024 година на подносителот му бил доставен допис од страна на Стоматолошкиот факултет, со кој му биле вратени документите за огласот за одобрување на специјализација поради неблаговремена достава на истите во предвидениот законски рок. Со наведеното постапување на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп подносителот тврди дека му е нанесена штета, односно не по негова вина, не му е одобрена специјализацијата за која конкурирал. Поради тоа подносителот смета дека му се повредени правата и кон него е извршена дискриминација, бидејќи сите останати доктори по општа медицина биле пратени на специјализација во Скопје, а тој како стоматолог не бил пратен поради неоправдани причини и дејствија на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп.

Кон претставката беа доставени следните прилози: Фотокопија од лична карта; Фотокопија од приемен штембил за документи 04-1629/1 од 28.11.2023 година; Оглас објавен во дневен весник Нова Македонија за одобрување на специјализации и супспецијализации; Решение за формирање на Комисија за упатување на специјализација на здравствени работници во ЈЗУ Општа Болница со проширена


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

дејност - Прилеп 04-1743/1 од 15.12.2023 година; Конечна ранг листа; Одлука за упатување на сецијализација 08-1780/3 од 21.12.2023 година; Молба од ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност - Прилеп до Декан на Стоматолошки факултет Скопје; Допис за поврат на документи од Стоматолошки факултет Скопје до ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност - Прилеп арх.бр.08-8/1 од 25.01.2024 година и Одговор по претставка од Државен санитарен и здравствен инспекторат Бр. ИП1- 09-31 од 07.02.2024 година.

На 07.03.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати до подносителот Барање за доуредување на претставката. Со истото на подносителот му беше посочено да ја доуреди претставката со податоци во однос на дискриминациските основи наведените во претставката – возраст и образование. Воедно, му беше посочено да наведе компаратор, односно да ги конкретизира лицата кои се наоѓаат во споредлива ситуација, а со нив посочениот дискриминатор не постапил на истиот начин поради нивната возраст и/или образование.

Со поднесокот за дополнување на претставката подносителот појаснува дека од страна на Министерството за здравство биле добиени согласности за упатување на специјализација на доктори по општа медицина и специјализација на доктори по стоматологија. Тој смета дека постапувањето на работодавачот на дискриминаторски начин се состои во тоа што работодавачот ги доставил документите на апликантите на докторите од општа медицина уредно, навремено и принципиелно, додека неговите документи како доктор на стоматологија небрежно изоставил да ги достави во предвидениот рок на јавниот оглас. Поради тоа подносителот тврди дека се чувствува дискриминиран во однос на неговите колеги, доктори по општа медицина. Воедно, потенцира дека на огласот за специјализација по максилофацијална хирургија тој бил единствен пријавен кандидат, а и покрај рокот од 30 дена неговиот работодавач изоставил да ги прати неговите документи до деканатот на Стоматолошкиот факултет. Од друга страна, неговите колеги, доктори по општа медицина веќе се започнати со специјализацијата. Подносителот истакнува дека и покрај тоа што болницата се соочува со дефицит, односно недостиг на кадар од максилофацијална хирургија, заборавила да ги достави неговите документи за специјализација, за разлика од документите на неговите колеги кои биле уредно доставени.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 18.03.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 288/4 до ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Прилеп.

Приемот на доставеното писмено од страна на потенцијалниот дискриминатор беше потврдено со поштенска повратница, меѓутоа и покрај тоа во законски предвидениот рок истиот не се произнесе по наводите од претставката.

Земајќи ги предвид исклучиво наводите на подносителот содржани во претставката и дополнувањето на претставката, како и доставените докази во прилог на претставката Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Од доставените докази произлегува дека подносителот на претставката не започнал со специјализацијата поради постапувањето на работодавачот, со што кон него е направена штета. Неспорно е дека единствено тој како кандидат за специјализација од областа на максилофацијална хирургија не бил пратен на специјализација, за разлика од неговите колеги доктори по општа медицина. Меѓутоа, во постапката не беше докажано дека токму заштитните карактеристики на подносителот: возраст и образование биле причина тој да не биде пратен на специјализација. Оттука произлегува дека подносителот на претставката не го направил веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи и настанатата повреда. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Во случајот не е сторено веројатно дека ненавремената достава на апликацијата на подносителот, како дејство на работодавачот е поврзана со лична карактеристика или статус на подносителот. Оттука произлегува дека не е докажана врската помеѓу заштитните карактеристики на подносителот, наведени како дискриминаторски основи (возраст и образование) и настанатата повреда (фактот што не тој не бил пратен на специјализација). Околноста што подносителот ги има конкретните заштитни карактеристики, кои во претставката се наведени како дискриминаторски основи не се доволни сами по себе, за да се заклучи дека биле причина за понеповолно постапување кон него и ненавремено поднесување на неговите документи за специјализација. Како што и погоре беше појаснето, конкретните факти е потребно да се докажат.

Оттука произлегува дека не е исполнета законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на возраст и образование во областа на работата и работните односи од страна на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп и ı кон

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- :о адреса на 500 Прилеп
- Општа болница со проширена дејност Прилеп со седиште на ул. „Трајко Тарцан" бр. 51, 7500 Прилеп